РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2945/3
04.05.2022 г.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на ден 21.04.2022 година донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 09-2072/1 од 28.03.2019 година, оформен по пријава од познат подносител против лицето ////// - член на ///////// на Република Северна Македонија**, СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди прекршување на одредби од ЗСКСИ, **но** поради тоа што лицето постапило согласно укажувањето од ДКСК и застареност на рокот за изрекување прекршочна санкција, ДКСК нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2072/1 од 28.03.2019 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител против лицето ///////- член на ///////// на РСМ, со наводи дека лицето нема поднесено анкетен лист по изборот на функцијата Член на //////// и дека истиот е сопственик и управител на друштво за ревизија ///////, ДООЕЛ Скопје. Кон пријавата беа доставени дополнувања со наводи и против други лица, членови на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ за постоење на судир на интереси при одредени нивни постапувања.

Со цел утврдување на наводите во пријавата и потврдување на вистинитоста на наводите, ДКСК направи увид во електронската база на податоци со која располага, при што утврди дека лицето ////// до ДКСК нема доставено Анкетен лист и Изјава за интереси по неговото именување на функцијата В.Д. член на Советот за унапредување и развој на ревизијата во РСМ на 12.05.2017 година. Наведената ситуација е спротивна на член 82 став 1 од ЗСКСИ, што претставува прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од ЗСКСИ, и согласно член 114 став 3 од ЗСКСИ, ДКСК поведе постапка за порамнување против лицето ///////// со издавање на прекршочен платен налог.

Лицето /////, кој на функцијата член на /////// е избран на 12.05.2017 година, не ја плати предвидената глоба во законски предвидениот рок, но поради тоа што беа изминати две години од сторувањето на прекршокот, што е законски рок за изрекување на прекршочна санкција согласно член 41 став 1 од Законот за прекршоците *„Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот"*, ДКСК и покрај констатираните повреди на член 82 став 1 од ЗСКСИ, не можеше да ја продолжи постапката со доставување Барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија при ДКСК. Иако беше изминат рокот за поднесување анкетен лист и изјава за интереси,

ДКСК во неколку наврати, се обиде да достави Известување до ////////// да го пријави својот имот со доставување на анкетен лист до ДКСК, но и покрај тоа, лицето не постапи по барањата и укажувањата.

Во однос на наводите дека лицето /////, покрај што ја извршува функцијата член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата е сопственик и управител на друштво за ревизија /////// ДООЕЛ, ДКСК изврши проверка во Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ и утврди дека наводите против гореспоменатото лице се потврдуваат. Оваа констатирана состојба, е спротивна на член 45 став 1 од ЗСКСИ, поради што ДКСК побара од лицето во рок од 15 дена да преземе дејствија со кои ќе ја отстрани утврдената повреда, на начин што ќе го промени управувањето со својата фирма и истото ќе му го довери на друго лице. По доставеното укажување, /////// ја извести ДКСК дека постапил согласно барањето за промена на управувањето со неговата приватна фирма и на тој начин ја отстранил сторената повреда од член 45 став 1 од ЗСКСИ.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, ДКСК на седницата одржана на ден 21.04.2022 година утврди дека лицето /////// сторил повреда на член 45 став 1 и член 82 став 1 од ЗСКСИ, но поради застареност на рокот за изрекување прекршочна санкција ДКСК не можеше да ја продолжи прекршочната постапка за прекршувањето на наведениот член казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од ЗСКСИ. Од друга страна, со преземените дејствија со кои го променил управувањето на својата приватна фирма, ја надминал забраната предвидена во член 45 став 1 од ЗСКСИ.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Нури Бајрами

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: К.Н., член на ДКСК